ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP
бр. 02-1090/7-1
24.08.2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18; и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20 В.Д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 04. Одделение за инфраструктура и управување и одржување на жичара и милениумски крст, работното место со реден број 24. Сменоводител во делот вид на образование зборовите “машинска или електротехничка струка се заменуваат со зборовите „средно образование (техничка струка)“ во делот други посебни услови зборовите „диплома за специјалистичко образование или мајсторски испит, електротехничка или машинска струка; сертификат за ракување и одржување на жичарата“ се бришат; работното место со реден број 25. Машинист во делот делот вид на образование зборовите “машинска, електротехничка струка или архитектонски техничар“ се заменуваат со зборовите „средно образование (техничка струка)“ а во делот други посебни услови зборовите “сертификат за ракување и одржување на жичара“ се бришат.

## Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

## Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д Директор

______________________
Александар Стојковски